ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Влада на Република Северна Македонија
ГЕОЛОШКИ ЗАВОД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

меѓу

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

и

ГЕОЛОШКИ ЗАВОД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Влада на Република Северна Македонија
ГЕОЛОШКИ ЗАВОД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**меѓу**

**Државен завод за ревизија**
**и**
**Геолошки завод на Република Северна Македонија**

## Цел на Меморандумот

Член 1

Целта на Меморандумот за соработка е:

- унапредување на соработката на двете страни во вршење на надлежностите од својот делокруг, како и размена на податоци и искуства помеѓу двете институции за остварување на ефективноста и ефикасноста на мерките и активностите за спроведување на геолошките истражувања и одржливо искористување на минералните суровини во Република Северна Македонија;

- правилно и точно утврдување на надоместоците кои претставуваат приход на Буџетот на РСМ, а се обврзани да ги уплатуваат правните субјекти/концесионери.

## Области на соработка

Член 2

Двете страни ја изразуваат подготвеноста за соработка во:

- обезбедување на континуирана размена на податоци и информации;
- давање на стручна помош и соработка во областа на ревизијата; и
- организирање на заеднички средби за подобро информирање.

## Размена на податоци и информации

Член 3

Двете страни се согласни да обезбедат размена на податоци и информации барани од едната страна заради спроведување на надлежностите на другата страна, согласно законите.

Страните се согласни во најкус можен рок да ги достават бараните писмени податоци и информации.

## Стручна помош

Член 4

Двете страни се согласни да обезбедат:

- стручна помош и соработка во рамките на своите надлежности;
- размена на стручна литература, правни и други акти и друг вид на материјали (презентации, анализи и сл.) потребни за процесот на ревизијата.

Член 5

Двете страни се согласни да организираат заеднички средби на претставници од двете институции за подобро информирање и појаснување на прашања кои се од значење за ревизијата, како и појаснување на содржините на ревизорските извештаи, кои се во надлежност и интерес на двете институции.

## Завршни одредби

Член 6

Двете страни во остварувањето на целите на овој Меморандум, ќе работат професионално и одговорно, а податоците и информациите ќе ги користат само за потреби и во согласност со важечките законски прописи.

Член 7

Овој Меморандум може да се менува, дополнува и ревидира само со склучување на Анекс и взаемна согласност од двете страни.

Член 8

Овој Меморандум стапува во сила со денот на неговото потпишување.

Член 9

Овој Меморандумот е составен во 4 (четири) примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

Потпишан во Скопје, на ________________ 2020 година

| Државен завод за ревизија | Геолошки завод на Република Северна Македонија |
| --- | --- |
| **м-р Максим Ацевски**<br>Главен државен ревизор | **д-р Науаф Баара**<br>Директор |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 03-316/1
17.02.2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ГЕОЛОШКИ ЗАВОД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ENTI GJEOLOGJIK
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 03-51/1
14.02 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP